Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и 202/24 год.), член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 49 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16 год. и "Службен весник на РСМ" бр.239/22 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија објавува

КОНКУРС

за финансиска поддршка на Здруженијата на граѓани од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2027 година

Член 1

Градоначалникот на Општина Гевгелија распишува Конкурс за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на работењето на Здруженијата на граѓаните во Општина Гевгелија за 2027 година.

Сите активности, програми и манифестации од интерес за општина Гевгелија, Општината ги утврдува со Програмата за финансиска поддршка на Здруженијата на граѓани од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2027 година.

Активностите утврдени во оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2027 година.

Член 2

Основни организациски критериуми коишто треба да ги исполнуваат здруженијата на граѓаните и фондациите се:

- Да бидат регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16 год. и "Службен весник на РСМ" бр.239/22 год.), и
- Да имаат седиште во општина Гевгелија.

Член 3

Основни цели на Програмата за финансиска поддршка на Здруженијата на граѓани од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2027 година се:

- Создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи,
- Давање поддршка на проекти со коишто ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи граѓани, и

- Афирмација на Општина Гевгелија во развивањето на соработката со Здруженијата на граѓани.

Член 4

Пријавувањето на Конкурсот се врши со доставување на пополнета пријава (апликација) во два истоветни примерока.

Пријавите (апликациите) може да се подигнат во просториите на Општина Гевгелија, или да се преземат од официјалната веб страна на Општина Гевгелија: www.gevgelija.gov.mk

Апликантите покрај пријавата, задолжително треба да ги достават следните документи:

-Тековна состојба од Централен регистар на РСМ во оригинал или копија, не постара од 6 (шест) месеци, и

-Потврда за отворена и активна трансакциска сметка.

Член 5

Конкурсот ќе се објави на 20.11.2026 година и ќе трае заклучно до 11.12.2026 година.

Пријавите треба да се достават до Општина Гевгелија, преку пошта на адреса: ул."Димитар Влахов" бр.4, Гевгелија, или во архивата на Општина Гевгелија, најдоцна до 16:00 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот, со назнака "**Конкурс за финансиска поддршка на Здруженијата на граѓани од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2027 година".**

Напомена: Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

Дополнителни информации можат да се добијат на следниве телефони: (034) 213-843, или на (075) 233-394.

Бр.08-1469/1
20.11.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
Андон Сарамандов

с.р.